Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
INSTITUCIONI NACIONAL
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
TEATRI POPULLOR MAQEDONAS
Бр. / Nr. 04-1061/1
18.11.2026 год./viti
Скопје / Shkup

Врз основа на член 77-а и член 77-и од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/24 и 132/25), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, како и на пријавата за унапредување на давателите на јавни услуги, критериумите за унапредување и распоредување на актерите по групи, начинот на спроведување на селекцијата за унапредување, како и начинот на нивно бодување во РСМ НУ „Македонски народен театар“ – Скопје, бр. 02-273/2 од 18.03.2026 година, Одлуката за објавување на интерен оглас бр. 02-910/1 од 08.10.2026 година, Интерниот оглас за унапредување на актери бр. 04-911/1 од 08.10.2026 година, Записникот од спроведената постапка за селекција и реаудиција на кандидатите по Интерниот оглас за унапредување на актери бр. 04-1044/1 од 16.11.2026 година, Предлог-одлуката на Комисијата за селекција во постапка за унапредување на актери во соодветни актерски групи бр. 04-1044/2 од 16.11.2026 година, како и Известувањата за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии на Република Северна Македонија бр. 19-4377/2 од 11.06.2026 година и бр. 19-6774/2 од 04.09.2026 година, директорот на НУ „Македонски народен театар“ – Скопје ја донесе следната:

О Д Л У К А

за унапредување на актери во соодветни актерски групи

I. Се врши унапредување на актери на следните работни места, односно во соодветните актерски групи и тоа:

1. За работно место „Актер првенец“, со шифра на работно место КУЛ 03 04 А02 - 1 (еден) извршител:

1.Дарја Ризова

2. За работно место „Актер прва група“, со шифра на работно место КУЛ 03 04 А03 003 - 4 (четири) извршители:

1.Гораст Цветковски

2.Николина Кујача

3.Сашка Костовска

4.Камка Тоциноски

3. За работно место „Актер втора група“, со шифра на работно место КУЛ 03 04 А04 003 - 3 (три) извршители:

1.Ивица Димитријевиќ

2.Благој Веселинов

3.Софиа Насевска-Трифуновска

4. За работно место „Актер трета група“, со шифра на работно место КУЛ 03 04 А05 011 - 5 (пет) извршители:

1.Нина Гачиќ

2.Наталија Теодосиева

3.Александар Михајловски

4.Тина Трпкоска

5.Ана Стојановска

II. Унапредувањето од точка I на оваа Одлука се врши врз основа на спроведената постапка за селекција и реаудиција, утврдените резултати од оценувањето и бодувањето на кандидатите, како и Предлог-одлуката на Комисијата за селекција во постапка за унапредување бр. 04-1044/2 од 16.11.2026 година.

III. Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

IV. Одлуката да се достави до сите кандидати кои учествувале во постапката за унапредување и да се објави на веб-страницата и на огласната табла на НУ „Македонски народен театар“ – Скопје, согласно важечките прописи.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 77-а и член 77-и од Законот за културата, како и одредбите од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, како и на пријавата за унапредување на давателите на јавни услуги, критериумите за унапредување и распоредување на актерите по групи, начинот на спроведување на селекцијата за унапредување, како и начинот на нивно бодување во РСМ НУ „Македонски народен театар“ – Скопје, бр. 02-273/2 од 18.03.2026 година, НУ „Македонски народен театар“ - Скопје спроведе постапка за унапредување на актери, врз основа на Одлуката за објавување на интерен оглас бр. 02-910/1 од 08.10.2026 година и објавениот Интерен оглас за унапредување на актери бр. 04-911/1 од 08.10.2026 година.

Интерниот оглас беше објавен за унапредување на вкупно 13 (тринаесет) извршители на следните работни места:

- 1 (еден) извршител на работно место „Актер првенец“, со шифра на работно место КУЛ 03 04 А02;
- 4 (четири) извршители на работно место „Актер прва група“, со шифра на работно место КУЛ 03 04 А03 003;
- 3 (три) извршители на работно место „Актер втора група“, со шифра на работно место КУЛ 03 04 А04 003;
- 5 (пет) извршители на работно место „Актер трета група“, со шифра на работно место КУЛ 03 04 А05 011.

За реализација на постапката и унапредувањето на предвидениот број извршители, Министерството за финансии на Република Северна Македонија достави Известувања за обезбедени финансиски средства бр. 19-4377/2 од 11.06.2026 година и бр. 19-6774/2 од 04.09.2026 година.

По објавувањето на Интерниот оглас, Комисијата за селекција во постапка за унапредување изврши увид и проверка на доставената документација од пријавените кандидати, при што констатира дека од вкупно 18 (осумнаесет) уредно поднесени пријави, сите 18 (осумнаесет) кандидати ги исполнуваат условите за учество во постапката за унапредување, утврдени со Интерниот оглас и со соодветниот Правилник.

Согласно член 77-и од Законот за културата, Комисијата ја спроведе постапката за селекција, вклучително и реаудицијата на кандидатите, како составен дел од постапката за унапредување на давателите на јавни услуги во културата од категоријата А.

На ден 12.11.2026 година, со почеток во 11:00 часот, на Малата сцена во НУ „Македонски народен театар“ - Скопје, беше спроведена реаудиција на сите 18 (осумнаесет) пријавени кандидати, при што секој од кандидатите имаше можност да ги презентира своите актерски способности преку однапред определените машки и женски монолози, согласно утврдените критериуми за оценување.

По завршувањето на реаудицијата, Комисијата изврши оценување и бодување на кандидатите согласно критериумите и начинот на бодување утврдени со наведениот Правилник, при што беа земени предвид бодовите остварени по основ на системот за бодување на професионални театарски улоги и награди, како и бодовите остварени на реаудицијата.

Врз основа на извршеното оценување и бодување, Комисијата ги утврди вкупните резултати на кандидатите и го состави Записникот од спроведената постапка за селекција и реаудиција бр. 04-1044/1 од 16.11.2026 година, во кој се евидентирани текот на постапката, начинот на спроведување на реаудицијата и поединечните резултати на кандидатите.

Врз основа на утврдените резултати и освоениот вкупен број бодови, Комисијата за селекција во постапка за унапредување ја донесе Предлог-одлуката бр. 04-1044/2 од 16.11.2026 година, со која предложи унапредување на вкупно 13 (тринаесет) кандидати, согласно бројот и видот на работните места утврдени со Интерниот оглас.

Имено, по спроведената постапка за селекција и реаудиција, Комисијата утврди дека предложените кандидати ги остварile резултатите врз основа на кои, согласно утврдените критериуми за унапредување и распоредување на актерите по групи, се стекнуваат со право да бидат предложени за унапредување во соодветните актерски групи.

Имајќи ги предвид целокупната документација, резултатите од спроведената постапка за селекција и реаудиција, вкупниот број освоени бодови на кандидатите, како и Предлог-одлуката на Комисијата за селекција бр. 04-1044/2 од 16.11.2026 година, директорот на НУ „Македонски народен театар“ - Скопје оцени дека се исполнети условите за донесување одлука за унапредување на предложените 13 (тринаесет) кандидати во соодветните актерски групи, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Правна поука: Против оваа Одлука, незадоволниот кандидат има право да поднесе приговор до Управниот одбор на НУ „Македонски народен театар“ - Скопје, во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на Одлуката, согласно применливите одредби од Законот за културата и другите важечки прописи.

НУ Македонски народен театар Скопје

Директор

Никола Кимовски